Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а согласно на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/20) и член 66-г од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце објавува

# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ЧЛЕНОВИ НА ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ОДДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНО МЛАДИНСКО СОБРАНИЕ НА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

За остварување на јавните потреби и јавниот интерес на младите луѓе на територијата на Општина Ранковце, согласно Законот за младинско учество и младински политики објавен во „Служен весник на Република Северна Македонија“ бр.10 од 16.01.2020 година, се наметнува потреба од формирање на локален младински совет и конституирање на локално младинско собрание. За таа цел Општина Ранковце распишува повик за членови на иницијативен одбор, со што ја отпочнува постапката за основање на локално младинско собрание и избор на членови на Советот на млади на Општина Ранковце. Иницијативниот одбор со решение го формира Претседателот на Советот на Општина Ранковце. Иницијативниот одбор е составен од пет члена. Членови на иницијативниот одбор можат да бидат млади од младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои работат и функционираат на територијата на Општина Ранковце. Иницијативниот одбор се формира само за оддржување на конститутивната седница на локалното собрание на млади. Со конститутивното собрание претседава најстариот член на иницијативниот одбор кој доаѓа од редот на младинските организации. Иницијативниот одбор го распишува повикот за конститутивното локално собрание на млади во кој јасно е наведен датумот, местото и часот на оддржување на првата конститутивна седница на Собранието на млади. Времетраењето на ИО е краткорочно и завршува со свикување на првото Локално собрание на млади. Општината ќе изврши селекција а работата на истото се координира и помага од службеникот за млади во Општина Ранковце.

2. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

На Јавниот повик право на учество имаат претставници на: младински организации, организации на млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои се активни на територијата на Општина Ранковце.

Критериумите кои треба да ги исполнуваат младите лица заинтересирани да се пријават за членови на иницијативен одбор:

- Да се жители на Општина Ранковце;
- Да се на возраст од 15 до 29 години;

3. НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Аплицирањето по однос на јавниот повик се врши електронски на следната емаил адреса: rankovce@rankovce.gov.mk.

Апликантите задолжително треба да ги достават следните документи:

• Портфолио на организацијата/групата/здружението;

• Извештај за активности со млади во изминатата година;

• Писмо со номинација за член во Иницијативен одбор и контакт информации;

• Кратко мотивациско писмо од страна на номинираниот член и кратка биографија;

Нема да бидат разгледувани пријавите доставени по истекот на рокот на Јавниот повик. Материјалите доставени со пријавите на Јавниот повик не се враќаат. Јавниот повик трае 15 дена од денот на објавувањето.

4. ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ЈАВНИОТ ПОВИК

Учесниците на Јавниот повик за резултатите ќе бидат известени со Решение донесено од Претседателот на Советот на Општина Ранковце. Резултатите од Јавниот повик ќе бидат објавени на веб страната на Општина Ранковце (www.rankovce.gov.mk).

Бр.09-1251/1
23.09.2026 година
Ранковце

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Ненад Петковски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ